ИНТЕРПРОМЕТ
а. д.
Бр. 0201-448/1
10.06 2022 год.
ТЕТОВО

Врз основа на член 383 и 536 од Законот за трговските друштва и член 20, 29, 80 и 81 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. Илинденска бр. 18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 – пречистен текст на Статутот заведен во Друштвото под број 0101-453/1 од 15.09.2021 година, како и во согласност со одредбите од Планот за поделба на друштвото усвоен со одлука на управниот одбор за усвојување на план за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво од ден 08.02.2022 година, заведена во друштвото под архивски број 0202-43/1 од 08.02.2022 година и изготвен во форма на нотарски акт број ОДУ 57/2022 од ден 18.02.2022 година на нотар Нита Џафери-Исени од Тетово, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 10.06.2022 година во Тетово, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За именување на управител на Друштвото за производство, трговија и услуги КЕРРА ГРОУП ДООЕЛ Тетово

**Член 1**

За управител на Друштвото за производство, трговија и услуги КЕРРА ГРОУП ДООЕЛ Тетово, со седиште на ул. „Илинденска“ бр. 18-б - Тетово, како друштво кое настанува со поделбата на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво, **СЕ ИМЕНУВА**:

- **АЛТИН ТХАЧИ**, со живеалиште во ТЕТОВО, на адреса УЛ. БАНЕ СТЕФАНОСКИ БР. 15 и ЕМБГ 0908999470019, по занимање: Менаџер.

Управителот **АЛТИН ТХАЧИ** функцијата ќе ја извршува без ограничување на овластувањата во внатрешниот и надворешниот промет.

**Член 2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Од страна на надзорниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, донесена е одлука број 0203-35/1 од ден 04.02.2022 година, со која е дадено претходно одобрение и е задолжен управниот одбор на друштвото да пристапи кон преземање на дејствија за поделба на друштвото со издвојување со основање на ново трговско друштво, како и да донесе соодветен План за поделба.

Од страна на управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, донесена е одлука за усвојување на план за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво од ден 08.02.2022 година, заведена во друштвото под архивски број 0202-43/1 од 08.02.2022 година. Воедно, изготвен е План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво во форма на нотарски акт број ОДУ 57/2022 од ден 18.02.2022 година на нотар Нита Џафери-Исени од Тетово.

Во согласност со член 536, став 3, точка 5 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово донесе одлука за именување на управител на

Друштвото за производство, трговија и услуги КЕРРА ГРОУП ДООЕЛ Тетово, како друштво кое настанува со поделбата на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво, како што е наведено погоре во диспозитивот.

**Собрание на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**

**Претседавач:**